Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА**

Се прогласува Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јануари 2002 година.

Бр. 07-133/1
15 јануари 2002 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ПОСЕБНИТЕ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

## Глава I
## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат посебните права на припадниците на безбедносните сили и на членовите на нивните семејства, како и условите и постапката за нивното остварување.

### Член 2

Припадниците на безбедносните сили на Република Македонија, во смисла на овој закон, се: војник на отслужување на воениот рок, професионален војник, воен старешина и цивилно лице на служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија, униформирано лице во Министерството за внатрешни работи, како и лице со посебни должности и овластувања вработено во Министерството за одбрана и во Министерството за внатрешни работи и воен обврзник во резервниот состав на Армијата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи, кои организирано учествувале во одбрана на независноста, територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија и во спречување на насилно уривање на демократските институции утврдени со Уставот на Република Македонија, сметано од 1 јануари 2000 година (во натамошниот текст: припадник на безбедносните сили).

Под учество во одбрана на независноста, територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија и во спречување на насилно уривање на демократските

институции утврдени со Уставот на Република Македонија (во натамошниот текст: одбрана на суверенитетот на Република Македонија), во смисла на став 1 од овој член се подразбира организирано дејствување на припадниците на безбедносните сили во вооружени дејствија против вооружените екстремистички и паравоени групации.

Припадник на безбедносните сили кој здобил рана, повреда или болест, при одбрана на суверенитетот на Република Македонија, при што настапило оштетување на неговиот организам најмалку за 20%, ќе се смета како воен инвалид од војните во смисла на Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци (во натамошниот текст: воен инвалид).

Припадник на безбедносните сили кој загинал во вооружени дејствија против вооружените екстремистички и паравоени групации се смета за загинат припадник на безбедносните сили.

Припадник на безбедносните сили кај кој настапила смрт како директна последица од рана или повреда здобиена во вооружени дејствија против вооружените екстремистички и паравоени групации се смета за починат припадник на безбедносните сили.

Член 3

Статусот и времето поминато како припадник на безбедносните сили се докажува со уверение издадено од Министерството за одбрана, односно Министерството за внатрешни работи.

Член 4

Како членови на семејство на припадник на безбедносните сили се сметаат: брачниот другар, децата и родителите.

Член 5

Покрај посебните права пропишани со овој закон на воените инвалиди, во смисла на овој закон, и членовите на нивните семејства им припаѓаат и правата пропишани со Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци кои ќе ги остваруваат на начин и постапка пропишани со тој закон.

Во остварување на правата од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци, членовите на семејството на загинат или починат припадник на безбедносните сили од Министерството за внатрешни работи се изедначуваат со правата на членовите на семејството на паднат борец.

Член 6

Лицата кои стекнале или можеле да стекнат права по овој закон, не можат да ги остваруваат тие права ако оштетувањето на организмот ги здобиле како припадници, помагачи или соработници на вооружените екстремистички и паравоени групации, односно лица против кои се води кривична постапка или кои се правосилно осудени поради недозволено држење на оружје или распрскувачки материи или за кривични дела против државата или против човечноста и меѓународното право согласно со Кривичниот законик, како и членовите на нивните семејства кои стекнале или можеле да стекнат права по овој закон.

Права утврдени со овој закон не можат да остварат ни лица кои сами се повредиле заради избегнување на воена обврска, ниту лица кои самоволно или без одобрение на надлежниот старешина ја напуштиле единицата на безбедносните сили на Република Македонија во било кој период.

Глава II

ПОСЕБНИ ПРАВА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СИЛИ И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

Член 7

На припадниците на безбедносните сили и на членовите на нивните семејства со овој закон им се утврдуваат следниве посебни права:

1) ослободување од учество со лични средства при користење на здравствени услуги;
2) вработување;
3) стан под закуп - станбено згрижување;
4) еднократен паричен надоместок;
5) права од областа на образованието и
6) семејна пензија.

**1. Ослободување од учество со лични средства при користење на здравствени услуги**

Член 8

Припадникот на безбедносните сили кој здобил повреда или рана, што е непосредна последица од учество во одбраната на суверенитетот на Република Македонија, е ослободен од учество со лични средства при користење на здравствени услуги во примарна, специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита и има право на надомест на патните трошоци ако е упатен да користи здравствени услуги надвор од местото на живеење, до завршување на лекувањето, но не подолго од две години.

Средствата за учество при користење на здравствените услуги од став 1 на овој член ги исплатува Министерството за одбрана, односно Министерството за внатрешни работи на здравствената установа која ги извршила здравствените услуги, по добиена пресметка.

Надоместокот на патните трошоци од став 1 на овој член го исплатува Министерството за одбрана, односно Министерството за внатрешни работи на припадникот на безбедносните сили, во висина на трошоците за превоз со средствата во јавниот сообраќај.

**2. Вработување**

Член 9

Владата на Република Македонија е должна да обезбеди вработување во државните органи, јавните претпријатија и јавните установи, без јавен оглас, на еден невработен член на семејството на загинат или починат припадник на безбедносните сили во рок од три месеца од смртта на припадникот на безбедносните сили.

Член 10

Државните органи, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и јавните установи се должни при вработување под еднакви услови да дадат предност на невработен припадник на безбедносните сили.

Правото од став 1 на овој член може да се оствари само еднаш во рок од две години по влегување во сила на овој закон.

**3. Стан под закуп - станбено згрижување**

Член 11

Воените инвалиди од I до VII група (100% до 50%) воен инвалидитет и членовите на семејството кои живееле во заедничко домаќинство со загинат или починат припадник на безбедносните сили и кои на територијата на Република Македонија немаат во сопственост стан или куќа, ниту користат под закуп стан во сопственост на Република Македонија имаат право на приоритет при добивање стан под закуп од становите во сопственост на Република Македонија наменети за социјално загрозени лица.

На лицата од став 1 на овој член становите им се даваат под закуп на неодредено време, со повластена закупнина.

Начинот и постапката за давање соодветен стан под закуп за лицата од став 1 на овој член се спроведува согласно со одредбите на Законот за домување.

Лицата од став 1 на овој член можат да го откупат станот даден под закуп под поповолни услови согласно со прописите за продажба на становите во општествена сопственост.

## 4. Еднократен паричен надоместок

Член 12

Семејството на загинат или починат припадник на безбедносните сили има право на еднократен паричен надоместок за претрпени душевни болки поради смрт на блиско лице, во висина од 40 просечни плати остварени во Република Македонија во месецот кога настапила смртта на припадникот на безбедносните сили.

Барање за остварување на правото на став 1 на овој член се поднесува до Министерството за одбрана, односно до Министерството за внатрешни работи.

Семејството на загинат или починат припадник на безбедносните сили кое остварило право на еднократна парична помош во случај на смрт односно загинување на граѓани во извршување на должности во одбраната согласно со Законот за одбрана или еднократен надоместок во случај на смрт на вработен во Министерството за внатрешни работи согласно со Законот за внатрешни работи, има право само на разлика до висината на еднократниот паричен надоместок од став 1 на овој член.

## 5. Права од областа на образованието

Член 13

Децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид од I до VII група воен инвалидитет, имаат предност при запишување во државни средни училишта, под услов да исполнат минимум бодови утврдени со Конкурсот за упис.

Припадникот на безбедносните сили, децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид од став 1 на овој член, имаат предност при запишување во високо образовни установи без плаќање на партиципација, под услов да исполнат минимум бодови утврдени со Конкурсот за упис.

Член 14

Децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид од член 13 на овој закон, имаат право на стипендија за редовно школување во државните средни училишта и право на стипендија за редовно студирање на високо образовни установи.

Средствата од став 1 на овој член ги обезбедува Министерството за образование и наука.

Член 15

Припадникот на безбедносните сили, децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид имаат предност при сместување во ученички, односно студентски домови.

Член 16

Децата на загинат или починат припадник на безбедносните сили и децата на воен инвалид имаат право на бесплатни задолжителни учебници за потребите на редовно школување во основните и државните средни училишта и партиципација во предучилишните установи.

Учебниците од став 1 на овој член ги обезбедува Министерството за образование и наука.

Глава III

СРЕДСТВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОН

Член 17

Средства за остварување на правата утврдени во овој закон се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Глава IV

КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Со парична казна од 15.000 до 40.000 денари ќе се казнат за прекршок одговорното лице во правно лице и службеното лице во државен орган ако не постапат согласно со одредбата на член 10 став 1 од овој закон.

Член 19

Со парична казна од 25.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок одговорно лице во правно лице, ако:

- при запишување на лице во образовна установа постапи спротивно на одредбите на член 13 од овој закон и
- при сместување на лица во ученички, односно студентски домови постапи спротивно на одредбите на член 15 од овој закон.

Глава V

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Постапките по барањата за остварување на правата утврдени со овој закон, поднесени до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се довршат согласно со одредбите на овој закон.

Член 21

Членовите на семејството на припадник на безбедносните сили кој загинал или починал пред денот на влегувањето во сила на овој закон, правото од член 9 на овој закон можат да го остварат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 22

На членовите на семејството на загинат или починат припадник на безбедносните сили од Министерството за внатрешни работи, кои до денот на влегувањето во сила на овој закон оствариле права по Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци, по службена должност ќе им се исплати паричен надоместок во висина на разликата од правата што ги оствариле до правата што можат да ги остварат според овој закон.

Член 23

Посебните права утврдени со овој закон се однесуваат и на припадниците на безбедносните сили од Министерството за одбрана кои ги загубиле животите во војните во поранешна СФРЈ, на воените инвалиди и на членовите на нивните семејства.

Член 24

Овој  закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".